Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 и 13 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 и 13 септември 2023 година**

Седницата се водеше во два дела.

Првиот дел од седницата,што се одржа на 12 септември 2023 година, започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и м-р Џабир Доко, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Лазаров и Виктор Кочински, претставници од Лексиа локал тим изаменик- нотар Кирил Петровски.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владатам-р Кренар Лога, министер за правда и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Овој дел од седницата заврши во 17:25 часот.

Вториот дел од седницата,што се одржа на 13 септември 2023 година,започна во 13 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура (преку видео - конференциска врска), Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање (преку видео - конференциска врска),како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Викторија Аврамовска - Мадиќ, заменик на министерот за правда, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Реформа на јавната администрација“

2. Информација за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во 2022 година, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Охридско лето - Охрид

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-616/1)

5. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-69/21)

6. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2022 година

7. Информација за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Стратегија и Акциски план

8. Предлог на закон за ратификација на Договорот за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција

9. Предлог на закон за ратификација на амандманите на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој

10. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2022 година и постапување по Заклучокот бр.41-3194/5 од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2023 година

11. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Y и Z против Северна Македонија А.бр.53742/21, со Предлог - одлука

12. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Хасан против Северна Македонија А.бр.35981/21 и две други апликации (А.бр.45557/21 и А.бр.45829/21), со Предлог - одлука

13. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за спроведување на подготовките за одбрана

14. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Република Кореја во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

15. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Република Кореја во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

16. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1503 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1498 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија

17. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката ЗНБП 2023/1501 на Советот од 20 јули 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои ги поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1496 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои ги поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина

18. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1439 на Советот од 10 јули 2023 година за изменување на Одлуката 2015/1333/ЗНБП за

рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и Регулативата (ЕУ) 2023/1433 на Советот од 10 јули 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

19. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1189 на Советот од 19 јуни 2023 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1183 на Советот од 19 јуни 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр.1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго

20. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1099 на Советот од 5 јуни 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1098 на Советот од 5 јуни 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

21. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1299 на Советот од 26 јуни 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1298 на Советот од 26 јуни 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

22. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги

23. Барање на Јахја Хаџиасан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

24. Годишен извештај за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија за 2022 година

25. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.131/2022 од 23 мај 2023 година за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6 став 2 во делот „во рок од три дена од датумот на објавувањето на списоците на корисници на финансиската поддршка од член 5 став 3 од овој закон“ од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.246/22)

26. Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 26 став 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), поднесена од Александра Илиева - Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.47/23

27. Кадровски прашања

28. Прашања и предлози

29. Информација за проектот „Реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево“ - втора фаза

30. Информација за потребата од обезбедување средства за целосна реализација на проектот „Непосредна заштита: Конзервација, реставрација, санација и ревитализацијата на конакот во Лешочкиот манастир Св. Атанасие, с.Лешок -Тетово“

31. Информација за потребата на доделување на договор влада со влада за снабдување со резервни делови, поправка на делови, снабдување со потрошен материјал и давање на услуги за воздухопловите тип Ми-8МТ/17,Бел 206Б3 и Злин 242Л, со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република, со прилози

32. Информација за потребата од измена на налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор (Amendment n01 to Purchase Order n1 to the Frame Agreement N F20-064-01, dated 29.9.2022), склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на ПВО батерија со многу мал дострел (VSHORAD), со текст на Амандман бр.1

33. Информација за потребата од донесување на План за изменување и дополнување на Годишниот план за склучување на договори за набавки на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2023 година, со Предлог-план

34. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финансирање на големиот ИПА проект „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово“

35. Информација за Извештајот од евалуацијата на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со Извештај од евалуацијата, Договор за концесија и Предлог-одлука

36. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 август 2023 година до 31 август 2023 година

37. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 24 август 2023 година до 30 август 2023 година

38. Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево и Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од22 август 2023 година до 23 август 2023 година

39. Информација за Рамката за партнерство (Country Partnership Framework) на Република Северна Македонија со групацијата Светска банка за периодот 2024-2028, со прилог

40. Информација за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал

41. Информација за спроведување на постапка за враќање на незаконски изнесените икони од Република Северна Македонија

42. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска и немедицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје

43. Предлог на закон за вработените во Министерството за одбрана

44. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

45. Информација за одржување на Министерски форум за правда и внатрешни работи ЕУ - Западен Балкан, во рамки на Шпанското претседателство со Советот на Европската Унија, Скопје, на 26 и 27 октомври 2023 година

46. Предлог-одлука за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Реформа на јавната администрација“ и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања, Советот за реформа во јавната администрација и Секретаријатот за реформа во јавната администрација да подготват Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Реформа на јавната администрација“ и истиот во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжуваат сите министерства да предвидат за 2024 година, во буџетот посебна програма за реформа на јавната администрација со цел ефикасно спроведување на Стратегијата за реформа во јавната администрација.

3. Да се воспостави појасен систем за контрола и развој на институциите,односно појасен модел за спроведување на реформитево јавната администрација.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба во2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита за кои Фондот за здравствено

осигурување на Република Северна Македонија обезбедува средства за нивно целосно функционирање во 2023 година.

Истовремено, Владата го задолжи Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за здравство, во рок од две недели, да подготви мерки кои во иднина ќе овозможат да се добие реална слика за тоа колку сработуваат јавните здравствени установи и истите да ги достави до Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и до Владата.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Охридско лето - Охрид.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-616/1).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 03-69/21).

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за 2022 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Стратегија и Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Стратегијата за формализирање на неформална економија 2023 - 2027 година, со Акциски план 2023 - 2025 година.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Министерството за труд и социјална политика, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Државниот завод за статистика, Државниот инспекторат за труд, Државниот пазарен инспекторат, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки, Инспекцискиот совет, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа, во рок од пет дена да доставаат номинации на членови и заменици - членови во Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Акциски план за периодот 2023 - 2025 година до Министерството за финансии.

3. Се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Агенцијата за пошти на Република Северна Македонија, Агенцијата за промоција и поддршка за претприемништво на Република Северна Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Народната банка на Република Северна Македонија, во рок од пет дена да доставаат номинации на членови и

заменици - членови во Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Акциски план за периодот 2023 - 2025 година до Министерството за финансии.

4. Се задолжува Министерството за финансии, по доставување на известувањето за номинирање на членови и заменици членови од сите погоре наведени институции, во рок од пет дена да достави до Владата, Предлог-одлука за формирање на Меѓуресорското тело за координација на активностите за спроведување на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2023 - 2027 година, со Акциски план за периодот 2023 - 2025 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 30 дена да достави до Владата, Предлог-одлука за формирање на Национален совет за формализирање на неформалната економија со кој ќе претседатава министерот за финансии, а во кој ќе се вклучени претставници на највисоко ниво од релевантните институции во чија што надлежност се активностите за намалување на неформалната економија.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за културна соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Даим Лучи, заменик на министерот за култура, а за повереници Игор Попов, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на амандманите на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи, д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2022 година и постапување по Заклучокот бр.41-3194/5 од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2023 година, ја усвои и го задолжи Министерството за правда во соработка со Министерството за финансии, Министерството за економија, стопанските комори и Комората на извршители на Република Северна Македонија, во рок од девет месеци, да пристапи кон анализа на состојбата во однос на примената на одредбите од членот 218 од Законот за извршување во делот на определување на минимум средства на кои не е дозволено

извршување на правните субјекти основни од државата, која би била основ за изготвување на соодветни измени во членот 218 на Законот за извршување.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Y и Z против Северна Македонија А.бр.53742/21, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (во вкупен износ од 7.930 евра, односно поединечно на секој износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација, најдоцна до 26 септември 2023 година).

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметите Хасан против Северна Македонија А.бр.35981/21 и две други апликации (А.бр.45557/21 и А.бр.45829/21), со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (во вкупен износ од 5.800 евра, односно поединечно на секој апликант износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација, најдоцна до 26 септември 2023 година).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за спроведување на подготовките за одбрана.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Кореја во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Република Кореја во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1503 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1498 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката ЗНБП 2023/1501 на Советот од 20 јули 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои ги поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1496 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои ги

поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Украина.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1439 на Советот од 10 јули 2023 година за изменување на Одлуката 2015/1333/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и Регулативата (ЕУ) 2023/1433 на Советот од 10 јули 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1189 на Советот од 19 јуни 2023 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1183 на Советот од 19 јуни 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) бр.1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/1099 на Советот од 5 јуни 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1098 на Советот од 5 јуни 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/1299 на Советот од 26 јуни 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/1298 на Советот од 26 јуни 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр.359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги.

**Точка 23**

Владата го разгледа Барањето на Јахја Хаџиасан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 24**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио - телевизија за 2022 година, со дополнителни материјали и притоа го утврди следнотомислење:

Согласно член 106 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), МРТ е должна да донесе Годишен извештај за работа за претходната година, кој го доставува до Собранието на разгледување, најдоцна до 31 март во тековната година и истиот особено треба да содржи: извештај за реализација на програмата за работа од претходната година, финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година, групирани по структура и по организациона структура на МРТ, потоа ревизорски извештај од независен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на МРТ во однос на резултатите од извршената ревизија. Според став 6 од овој член, во прилог на Годишниот извештај за работа на МРТ за претходната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на МРТ за претходната година.

Начелно се укажува дека рокот за поднесување на Годишниот извештај на МРТ за 2022 година е изминат.

Јавниот радиодифузен сервис континуирано треба да продолжи со започнатите реформи за остварување на целосна уредувачка независност, преку зајакнување на професионалните и кадровските капацитети, а притоа земајќи ја предвид и улогата на јавноста, која треба да биде навремено објективно и точно информирана.

Позитивен е фактот што МРТ овозможува преку електронската адреса korisnici@mrt.com.mk, јавноста да доставува свои идеи, забелешки и сугестии и со тоа непосредно да учествува во креирањето на програмската шема.

Согласно Извештајот, заклучно со 31.12.2022 година, Јавното претпријатие има прикажано приходи во вкупен износ од 1.104.807.800 денари, што претставува зголемување од 12,78% споредено со износот на приходи, остварен во 2021 година. Во вкупниот износ на приходи најзначаен дел претставуваат приходите од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за финансирање на радиодифузна дејност, кои во 2022 година се утврдени на износ од 670.500.000 денари. Исто така, за постигнување на повисок степен на програмски и техничко - технолошки развој, за потребите на јавниот сервис во текот на 2022 година, исплатени се буџетски средства во износ од 350.000.000 денари.

На страната на расходи, Претпријатието има прикажано износ од 1.071.929.483 денари (износ со инвестиции), при што крајниот финансиски резултат е позитивен и изнесува 32.878.317 денари.

Во вкупно прикажаниот износ на расходи, повисоки износи претставуваат расходите за вработени (471.762.617 денари), расходите за програмски права (338.914.743 денари) и трошоци за амортизација (58.271.793 денари).

На крајот од извештајниот период, износот на вкупните побарувања од купувачи во земјата и странство изнесува 69.469.032 денари, а вкупните обврски на Јавното претпријатие се утврдени на износ од 496.434.257 денари.

Во прилог на материјалот е доставен Извештај на независен ревизор, во кој со посебно внимание се нагласени прашањата поврзани со евидентирањето и користењето на земјиште и градежни објекти, како и прашање поврзано со евидентирање на основната главнина на истото.

Во однос на наведеното, потребно е надлежните органи на Претпријатието да го известат основачот за преземените активности, согласно забелешките на ревизорот.

Имајќи ја предвид структурата на приходната и расходна страна на Претпријатието во 2022 година, се укажува на потребата во наредниот период надлежните органи на Претпријатието да преземаат мерки за подобрување на ликвидноста на Претпријатието преку рационализација на непродуктивните расходи.

Исто така, Годишниот извештај треба да содржи податоци кои се однесуваат на степенот на дигитализација на видео материјалите во сите формати, набавката на дронови со камери согласно Акцискиот план, како и забрзувањето на постапката со ОТТ платформата за пренос на видео содржини. За реализација на горенаведените активности согласно законот, потребно е да се подготви студија за изводливост, која треба да биде усвоена од страна на Владата.

Покрај ова, МРТ треба да изготви извештај во врска со договорот за платформата со која се емитува каналот на јавниот сервис надвор од земјата (точен назив на договорот, колку се плаќа за тоа, каде може да се преземе каналот и на кој начин).

Истовремено, се укажува дека во најбрз можен временски рок треба да се реши проблемот меѓу Министерството за финансии и Македонската радио - телевизија, поврзан со долгот од кредитот Париски и Лондонски клуб.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата, се наведува дека „треба да се засилат напорите за реформа на јавниот радиодифузен сервис и да се обезбеди негова независност, професионални стандарди и финансиска одржливост". Исто така, треба да се вложат посериозни напори за спроведување на петгодишната развојна стратегија и да се назначат членовите на Програмскиот совет.

Со измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе се обезбеди поголема финансиска стабилност и одржливост на јавниот сервис, како и можност за дополнителни финансиски средства од буџетот предвидени за капитални инвестиции, согласно усвоената Студија.

**Точка 25**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.131/2022 од 23 мај 2023 година за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6 став 2 во делот „во рок од три дена од датумот на објавувањето на списоците на корисници на финансиската поддршка од член 5 став 3 од овој закон" од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/22) и притоа го утврди следното мислење:

Правна основа за донесување на Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани се одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е уредено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Со Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза се предвидуваат антикризни мерки за помош на ранливи категории на граѓани во вид на финансиска поддршка, со што се овозможува социјалната праведност за оваа категорија на граѓани, владеење на правото и не се ограничуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Со член 2 од овој закон, како корисници на финансиска поддршка се утврдени следните категории на социјално ранливи граѓани: корисници на право на социјална сигурност на стари лица, корисници на посебен додаток, корисници на правото на надоместок заради попреченост, со попреченост и трајни промени во здравствената состојба, кои користат надоместок за помош и нега од друго лице, а не користат право на надоместок заради попреченост, без потреба од контролен преглед, самохрани родители кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош, корисници на право на пензија во висина до 14.000 денари, корисници на право на надоместок за телесно оштетување и невработени лица - корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.

Со член 5 став (1) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза, е утврдено дека средствата за финансиска поддршка во висина и во период утврден во законот се исплаќаат како паричен износ на трансакциската сметка на корисникот на финансиската поддршка и тоа: за корисниците од членот 2 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 од овој закон од средствата на Министерството за труд и социјална политика, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа, за корисниците од членот 2 став (1) алинеи 6 и 7 од овој закон од средствата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, согласно со податоците од евиденцијата на Фондот, за корисниците од членот 2 став (1) алинеја 8 од овој закон од средствата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно со податоците од евиденцијата на Агенцијата.

Во ставот (2) од член 5 од законот е утврдено дека исплатата на финансиската поддршка за корисниците од членот 2 од овој закон ќе се врши без поднесување на барање од страна на корисниците, врз основа на списоци на корисници на финансиска поддршка, изработен врз основа на податоците од евиденциите на институциите од ставот (1) на овој член.

Во ставот (3) од член 5 од Законот е утврдено дека на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се објавуваат списоците на корисниците на финансиската поддршка најдоцна до петти во месецот и датумот кога ќе се врши исплатата на финансиската поддршка.

Со член 8 став (1) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза е увредено дека финансиската поддршка ќе се исплаќа на корисници на правата од членот 2 од овој закон, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, во траење од четири последователни месеци.

Со цитираните одредби од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани за справување со енергетската криза се овозможува исплата на финансиската поддршка, согласно податоците од Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, без поднесување на барање од страна на корисниците.

Списокот на корисници на финансиска поддршка се објавува со цел граѓаните да можат да извршат проверка и доколку лицето не е на списокот, а смета дека ги исполнува условите за добивање на финансиска поддршка, да може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка при Министерството за труд и социјална политика, во рок од три дена од денот на објавувањето на списоците на корисници на финансиската поддршка, согласно член 6 став (2) од овој закон. На овој начин се овозможува да се направи исправка за секое лице кое не е во списокот, да добие финансиска поддршка, доколку ги исполнува условите согласно закон, констатирано по извршена проверка во соодветната евиденција на институциите.

Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став (2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетска криза во делот „во рок од три дена", погрешно се наведени причините дека изоставување од списокот на корисници на финансиска поддршка значи неостварување на право на исплата на истата во следните четири месеци, со оглед дека во член 5 во ставот (3) е утврдено дека на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се објавуваат списоците на корисниците на финансиската поддршка најдоцна до петти во месецот и датумот кога ќе се врши исплатата на финансиската поддршка врз основа на службените евиденции кои ги водат институциите за корисници на права по кој основ се стекнуваат со финансиската поддршка, согласно условите предвидени во Законот.

Врз основа на наведените аргументи и факти, а имајќи предвид дека Законот е со времен карактер од четири месеци од денот на донесувањето и има за цел надминување на енергетска криза сметаме дека рокот од три дена за поднесување на приговорот за остварување на финансиска поддршка е доволен за да се изврши проверка во објавениот список на корисници на финансиска поддршка, за да се побара исправка на евентуален пропуст во истиот. Исто така, Министерството за труд и социјална политика и другите вклучени институции, предвреме ги известуваат граѓаните за датумот на објавување на списоците на корисници на паричните средства за финансиска поддршка за справување со енергетската криза и датумот за исплата на финансиската поддршка.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 6 став (2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/22), не е во несогласност со член 8, став 1, член 15, член 34, член 35 и член 51, став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

## Точка 26

Владата ја разгледа Инцијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 26 став 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), поднесена од Александра Илиева -Милчова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.47/23 и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 26 став 2 од Законот за управни спорови од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба не е во согласност со Амандман XXI став 2 со кој се заменува член 15 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата, оспорениот член создава правна несигурност и предвидува рокови за граѓанинот во услови кога не е донесен управен акт.

Согласно член 26 став 2 од Законот за управни спорови „Кога се поведува управен спор поради неподнесување на одреден акт во пропишаниот рок (молчење на управата), тужбата се поднесува во рок од 30 дена по истекот на законски утврдениот рок за донесување на актот.''

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка

заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Се смета дека оспорените одредби не се спротивни со одредбите од Уставот од причина што во членот 3 од Законот за управни спорови даден е таксативен опис на предметот на управен спор во кој меѓудругото во точката 2) е пропишано дека Управниот суд одлучува за законитоста на пропуштањето на јавните органи да одлучат во законскиот рок за правата, обврските и правните интереси на тужителот (управен спор за молчење на администрацијата).

Оваа точка, всушност, ја утврдува можноста на странките да поведат управен спор за оцена на законитоста кога јавните органи пропуштиле да донесат одлука во законски утврдениот рок, односно можноста да се поведе управен спор поради молчење на администрацијата. Предметот на управен спор не е управен акт бидејќи истиот не постои, туку управниот спор се води токму поради недонесувањето на актот, а со цел тој да биде донесен. Овој вид управен спор во правната теорија се нарекува спор поради молчење на администрацијата. Молчење на администрацијата настапува кога јавниот орган не постапува по барањето на странката во првостепена постапка тогаш кога жалбата не е допуштена или кога второстепениот орган во законски утврдениот рок не донел одлука по поднесена жалба. Во ваквите ситуации, законска претпоставка е дека барањето, односно жалбата на странката, се одбиени од надлежниот јавен орган.

За да се поведе управен спор за молчење на администрацијата, потребно е да бидат исполнети неколку процесни услови:

- странката по чие барање е поведена постапката мора да почека да истече законскиот рок за донесување одлука и
- по истекот на тој рок да ги употреби законски утврдените правни средства за остварување правна заштита пред јавниот орган.

Откако ќе се исполнат овие две претпоставки, на странката ѝ е допуштено во својство на тужител да поведе управен спор пред Управниот суд за молчење на администрацијата доколку молчењето сѐ уште постои.

Законот ги изедначува конечниот управен акт и недонесувањето управен акт во законски предвидениот рок, односно молчењето на администрацијата според Законот за управни спорови претставува пресумпција дека барањето/жалбата на странката е одбиено. Основот за поведување на управен спор е позитивно решение во случај кога јавниот орган не постапил по барањето на странката заради отсуство на одговорност во вршење на своите законски надлежности во однос на обезбедување услови за остварување на правата и уживањето на слободите на физичките и на правните лица во Република Северна Македонија.

Во однос на поднесување на тужбата доколку станува збор за „молчење на администрацијата", тужителот треба да достави доказ за времето кога е поведена управната постапка, односно кога тој го поднел своето барање до тужениот орган. Дополнително, тужителот е должен да докажува дека законски предвидениот рок во кој органот бил должен да одлучи е изминат со цел да докаже дека постои молчење на администрација бидејќи истекот на законскиот рок е основа за поднесување тужба за управен спор.

Имајќи предвид дека Управниот суд одлучува за законитоста на пропуштањето на јавните органи да одлучат во законски рок за правата, обврските и правните интереси на тужителот - молчење на администрацијата, судот ќе донесе одлука врз основа на фактите и доказите што постоеле пред донесување на конечниот управен акт сѐ до негова достава на странката, односно судот врши контрола над јавниот орган чиј управен акт е предмет на управен спор во

смисла на суштествени повреди на управната постапка и правилна примена на материјалното право. Исклучок на ова правило е кога судот може и самиот да утврдува факти за кои смета дека се неопходни за донесување на одлуката, но само кога странките без своја вина не биле во можност да ги изнесат, односно да ги предложат во тужбата и одговорот на тужбата или во дотогашниот тек на постапката. Доколку странката без своја вина не е во можност да ги достави доказите, судот може самиот да ги обезбеди.

Доколку јавниот орган во текот на управниот спор за молчење на администрација, дополнително го донесе актот чие недонесување предизвикало започнување на управниот спор, судот ќе донесе решение за запирање на постапката доколку претходно бидат исполнети следниве услови:

- Тужениот е должен за дополнително донесениот акт истовремено да ги извести судот пред кој се води спорот и тужителот;
- Судот е должен да го повика тужителот да се произнесе во рок од 15 дена дали е задоволен со дополнително донесениот управен акт од страна на јавниот орган и
- Тужителот е должен да изјави дека е задоволен со дополнително донесеното решение или, пак, тужителот не даде никаква изјава во рокот од 15 дена. Доколку тужителот изјави дека не е задоволен со новиот акт, судот ќе ја продолжи постапката.

За управниот спор поведен поради „молчење на администрација“, Управниот суд треба да одлучува само во полна јурисдикција во согласност со членот 60 став (2) од Законот за управни спорови, според кој судот со својата пресуда ќе го донесе тужбеното барање и самиот ќе ја реши управната работа.

Со овие одредби имплицитно се ограничува правото на жалба на јавниот орган. Тој единствено може да се обрати до Вишиот управен суд кога неговиот управен акт е во целост заменет со пресудата (или во случај на молчење кога со пресудата се пополнува празнината на актот што недостасува).

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 26 став 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр. 96/19), односно да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на член 26 став 2 од Законот за управни спорови.

**<u>Точка 27</u>**

Владата заклучи:

1. Владата го отповика Мухамед Љамалари од должноста неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

1.1 Владата го избра Трим Река за неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

2. Владата го именува Авдуљ Селам Селами, за вршител на должност директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија, досегашен вршител на должност директор на Бирото и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Марко Михаилоски од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, на негово барање.

4. Владата ја разреши Благица Павловска од должноста директор на Државниот испитен центар, на нејзино барање.

5. Владата ја именува Билјана Михајловска за вршител на должност директор на Државниот испитен центар.

6. Владата ја разреши Будимка Крстевска од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница - Штип, поради постоење на состојба на судир на интереси.

7. Владата на Бујар Зенели-Гафурри, му утврди престанок на мандатот член на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, согласно Закон.

8. Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, ги именува:

- Сали Бела,
- Марко Богданчески и
- Благојче Стојчески.

9. Владата го разреши Андреја Станојкоски од должноста член на Управниот одбор во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, поради истек на мандатот.

9.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, ги именува:

- Игор Христов и
- Ангел Јованов.

10. Владата го отфрли како ненавремено Барањето бр.15-7042/1 од 18.7.2023 година поднесено од Осман Шукриу, од Ресен, Грчнари, разрешен од должноста директор на Јавната установа Национален парк Пелистер - Битола, за остварување право на плата по престанување на функцијата.

11. Владата го именува Халит Фератов за вршител на должност директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, досегашен вршител на должност директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија.

13. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. - Скопје, за вршител на должност заменик - директор повторно да го именува Сафет Мифтари.

14. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје, за вршител на должност заменик - директор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје, да го именува Александар Симоновски.

15. Владата го одложи од разгледување за наредната седница на Владата предлогот во врска со повлекувањето на Рамадан Рамадани од местото директор на Културно - информативниот центар во Истанбул, а на негово место да се именува Валмир Азири.

**Точка 28**

1. Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за измена на Заклучокот од точка 13, од Нацрт-записникот од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година, донесен по Информацијата за проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија", го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата ја разгледа Информацијата за Проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија" и не го прифати предлогот на Министерството за животна средина и просторно планирање да се поднесе барање до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за обезбедување на средства до 20 милиони евра, за реализација на проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија", како и барање за поддршка и добивање на Инвестициски грант и грант за техничка помош од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)."

2. Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

3. Владата го разгледа Барањето од Националната установа „Спомен - куќа на Тодор Проески", за превозно средство (еден минибус со 20 седишта, за период од 12 до 16 октомври 2022 година, на релација Скопје-Загреб-Нова Градишка-Скопје-Крушево-Скопје), со цел организација на овогодишниотултрамаратон на Балканот, посветен на Тоше Проески, го прифати Барањето и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го обезбеди истото.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот„Реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево" - втора фаза, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување средства за целосна реализација на проектот „Непосредна заштита: Конзервација, реставрација, санација и ревитализацијата на конакот во Лешочкиот манастир Св. Атанасие, с.Лешок -Тетово", како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на доделување на договор влада со влада за снабдување со резервни делови, поправка на делови, снабдување со потрошен материјал и давање на услуги за воздухопловите тип Ми-8МТ/17, Бел 206Б3 и Злин 242Л, со склучување на договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република, со прилози и ја усвои со следните заклучци:

1. Го утврди текстот на:
- Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република за обезбедување на резервни делови, потрошен материјал, поправка на делови и давање на услуги за воздухопловите управувани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и
- Рамковниот договор бр. LOM-MAK1984_22_09 за одржување и снабдување со резервни делови на воздухопловите на Армијата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република за обезбедување на резервни делови, потрошен материјал, поправка на делови и давање на услуги за воздухопловите управувани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена пред склучување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република за обезбедување на резервни делови, потрошен материјал, поправка на делови и давање на услуги за воздухопловите управувани од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

4. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Рамковниот договор бр. LOM-MAK1984_22_09 за одржување и снабдување со резервни делови на воздухопловите на Армијата на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии, средствата да се обезбедат во рамките на одобрениот буџет.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од измена на налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор (Amendment n01 to Purchase Order n1 to the Frame Agreement N F20-064-01, dated 29.9.2022), склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на ПВО батерија со многу мал дострел (VSHORAD), со текст на Амандман бр.1 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го утврди текстот на Амандман бр.1. на налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор (Amendment n01 to Purchase Order n1 to the Frame Agreement N F20-064-01, dated 29.9.2022), склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на ПВО батерија со многу мал дострел (VSHORAD).

2. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана да го потпише Амандманот бр.1. на налогот за исплата бр.1 кон Рамковниот договор (Amendment n01 to Purchase Order n1 to the Frame Agreement N F20-064-01, dated 29.9.2022), склучен помеѓу

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и MBDA од Република Франција, во врска со набавката на ПВО батерија со многу мал дострел (VSHORAD).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на План за изменување и дополнување на Годишниот план за склучување на договори за набавки на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2023 година, со Предлог-план, ја усвои Информацијата и го донесе Планот за изменување и дополнување на Годишниот план за склучување на договори за набавки на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2023 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финансирање на големиот ИПА проект „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на буџетот за 2024 и 2025 година да ги предвиди дополнителните средства за национално кофинансирање за целосно завршување на проектот „Изградба на прочистителна станица за отпадни води и рехабилитација и надградба на канализационата мрежа во Општина Тетово“ согласно динамиката за реализација на Договорот, но не повеќе од 30% од првично проектираниот буџет на Проектот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да достави известување за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на Договорот до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии.

**Точка 35**

Владата го одложи разгледување на Информацијата за Извештајот од евалуацијата на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со Извештај од евалуацијата, Договор за концесија и Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот дополнително да го усогласи текстот на Предлог-одлуката.

**Точка 36**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 август 2023 година до 31 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 37**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата

на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 24 август 2023 година до 30 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 38**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево и Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 22 август 2023 година до 23 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за Рамката за партнерство (Country Partnership Framework) на Република Северна Македонија со групацијата Светска банка за периодот 2024-2028, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот со проекти кои би се реализирале и финансирале со средства од заеми, (по можност и со инвестициски грантови) во идната Рамка за партнерство (Country Partnership Framework) на Република Северна Македонија со групацијата Светска банка за периодот 2024-2028 и го задолжи Министерството за финансии за истото да ја информира Светска банка, со укажување дека предлог -проектите може да претрпат промени во зависност од тековните активности и приоритети на надлежните министерства.

2. Се задолжува Министерството за финансии да побара од групацијата Светска банка да се разгледа можноста за обезбедување на техничка и финансиска поддршка од страна на банката за следните три области:

- Поддршка во процесот на Реформа на јавната администрација.
- Поддршка во процесот на имплементација на Стратегијата за борба против неформалната економија и
- Поддршка во процесот на имплементација на Планот за забрзување на економскиот раст (Growth Acceleration Plan).

3. Се задолжува Министерството за финансии во врска со заемите за развојни политики да достави барање до групацијата Светска банка за зголемување на износите на истите до 120 милиони долари.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ја започне и да ја спроведе постапката за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на

капитал преку издавање на хартии од вредност за финансирање на буџетскиот дефицит и рефинансирање на обврските од државниот долг за тековната година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да започне процес на преговарање со потенцијални инвеститори на меѓународниот пазар на капитал и да изврши избор на правни советници во процесот за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал , соодветно на условите за издавање на државни хартии од вредност.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапка за враќање на незаконски изнесените икони од Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за култура и Управата за заштита на културното наследство да ја спроведат постапката за физичко враќање на незаконски изнесените икони од Република Северна Македонија од Република Албанија и нивно депонирање во Националната установа Музеј на Република Северна Македонија.

2. Се укажува на Националната установа Национален конзерваторски центар да го обезбеди пакувањето на незаконски изнесените икони од Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го придружува транспортот на незаконски изнесените икони од Република Северна Македонија од граничниот премин со Република Албанија, Ќафасан до локацијата на нивно депонирање, односно Националната установа Музеј на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска и немедицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје и условно ја усвои доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по материјалот, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска и немедицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје, во вкупна вредност од 60.180.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 10.180.000,00 денари во 2023 година и
- 50.000.000,00 денари во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечната реализација на набавката.

3. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на медицинска и немедицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје за 2024 година да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 43**

Владата го разгледа Предлогот на закон за вработените во Министерството за одбрана и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 15 септември 2023 година (петок) да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за вработените во Министерството за одбрана, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана и Никола Атанасовски, државен советник во Министерството за одбрана.

**Точка 44**

Владата не расправаше по Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Министерски форум за правда и внатрешни работи ЕУ -западен Балкан, во рамки на Шпанското претседателство со Советот на Европската Унија, Скопје, на 26 и 27 октомври 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да го координираат целиот процес на одржување на Министерскиот форум за правда и внатрешни работи ЕУ-Западен Балкан.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе потребните мерки и активности за обезбедување на потребен број на идентични возила за шефовите на делегациите, како и да ги преземе потребните мерки за обезбедување на возила (патнички моторни возила и комбиња за локален превоз на учесниците за времетраењето на форумот на 26 и 27 октомври) и истите да ги стави на располагање, најдоцна од 25 октомври 2023 година.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди ручек и освежување за кафе - паузите на двата дена од одржувањето на Форумот во Собранието на Република Северна Македонија за делегациите и делегатите.

4. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да ги покријат трошоците за гала - вечерата.

5. Се задолжува Министерството за култура да подготви културно-уметничка програма за гала-вечерата на 26 октомври 2023 година и да ги покрие трошоците.

6. Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантно возило и екипа за прва помош пред објектите на одржување на настанот и на сместување на делегациите во текот на целото времетраење на настанот.

7. Се задолжува Заедницата на единиците за локална самоуправа да обезбеди противпожарно возило пред објектите на одржување на настанот и на сместување на делегациите во текот на целото времетраење на настанот.

8. Се задолжува Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот да обезбеди информативен пропаганден материјал за промоција на туристичките вредности на Република Северна Македонија.

9. Се задолжуваат сите гореспоменати институции во рок од седум дена, да назначат и до Министерството за внатрешни работи да доставаат контакт - лица (име и презиме, е-адреса и телефонски број за контакт) заради реализација на активностите.

10. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда да доставaт информација за преземените активности за одржување на Министерскиот форум правда и внатрешни работи ЕУ-Западен Балкан, најдоцна до 1 октомври 2023 година.

**<u>Точка 46</u>**

Владата не расправаше по Предлог-одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**